22782

**На XVI традиционална ликовна средба на сликари-аматери на СРМ**

# СЛОБОДНО И НЕНАМЕТЛИВО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

## • ИЗЈАВИ ОД УЧЕСНИЦИТЕ СТЕВО БОСИЛКОВСКИ, ДОБРИ ТРЕНДАФИЛОВСКИ, ЈОШКО МЛАДЕНОВСКИ И ЖИВКО КАРОВСКИ

**ОКОЛУ ШЕЕСЕТИНА ЕКСПОНАТИ ОД ТРИЕСЕТМИНА СЛИКАРИ — АМАТЕРИ ОД РАЗНИ КРАИШТА НА СР МАКЕДОНИЈА** го привлекуваат вниманието на ликовната јавност во Изложбениот салон на Центарот за култура и информации на град Скопје. Луѓето што од љубов се зафатиле да создаваат слики, скулптури и други дисциплини од ликовната уметност, се од различни структури. По работното време во лекарската или заболекарска ординација; во правничкото биро, зад машината или плугот; во продавницата или фурната... тие попладнињата и ноќите ги посветуваат на она што ги прави среќни, односно на ликовното творештво. Среќа, како што ја дефинира еден грчки филозоф, е сознание дека човек нешто создал. Се разбира, нешто убаво и за своја душа и за оние што ќе посакаат да го восприемаат.

Оваа нивна XVI-та традиционална средба беше доволен повод да побараме изјави од неколкумина од нив.

**СТЕВО БОСИЛКОВСКИ, Скопје:** „Не знам како почнуваат другите уметници. Признавам дека јас почнав да сликам сосема случајно. Имено, откако видов слика на еден сликар-аматер, се искачив на Водно и се обидов и јас да насликам нешто. Сликам исклучиво пејсажи (темпера и масло). Моите очи се полни со прекрасни и неодминливи пејсажи од Преспанско-охридскиот регион. Кога го создавам пејсажот јас не настојувам да го пренесам на платно виденото, туку пред сè, го давам доживеаното. Се трудам сликите да бидат резултат на мојата имагинација. Веќе имам создадено околу 60 пејсажи. Творењето за мене претставува вистински одмор. Во тоа се уверив во последниве десетина години. Од 1965 година датираат моите сликарски почетоци".

**ДОРИ ТРЕНДАФИЛОВСКИ, Куманово:** „Традиционалните ликовни средби, што ги организира Ликовниот сектор на Центарот за култура и информации на град Скопје, претставуваат голема можност за секој сликар-аматер да го презентира своето творештво пред ликовната публика и критиката. На секој уметник, па и на сликарот-аматер му е потребно да знае како неговиот труд се прима и на какви оценки наидува. Тоа, преку, овие ликовни средби, секако, се остварува".

**ЈОШКО МЛАДЕНОВСКИ, Крива Паланка:** „Сликам за своја душа. Го сакам животот што одминува. Сакам да ја овековечам сликата на пример на старите воденици, дрвените мостови... што ги брише прогресивното време. Затоа насликав платно „Куќа воденичарска" и други експонати.

**ЖИВКО КАРОВСКИ, село Мирковци, Скопско:** „Случајно еднаш делкајќи едно дрвце направив нешто што ми заличи на човекова глава. Тогаш ми се роди идејата дека би можел да направам добра скулптура и така почнав. Дома имам полно скулптури изработени во дрво. Посебно ми се допаѓа изложениот експонат „Геометар".

Скулптурите ми го разубавуваат интимниот живот. Затоа ги создавам секогаш кога ќе најдам време за нив".

**М. Маневска**

Н. Македонија 7.IV.1976 г.